# ОДГОВОР

## на забелешки од Нацрт извештајот за извршената ревизија на успешност – „Ефектот на инструментот субвенционирање во развојот на земјоделството и руралниот развој„

На Нацрт извештајот за извршената ревизија на успешност – Ефектот на инструментот субвенционирање во развојот на земјоделството и руралниот развој, добиени се забелешки од :

- министерот на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на РМ, под број 02 – 8779/2 од 12.04.2013 година, заведени во Државниот завод за ревизија под број 34 – 393/9 од 15.04.2013 година;
- директорот на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, под број 32 – 1368/1 од 10.04.2013 година, заведени во Државниот завод за ревизија под број 34 – 393/8 од 15.04.2013 година.

Нацрт извештајот до субјектите е доставен на 13.03.2013 година и се однесува на извршена ревизија на успешност за Ефектот на инструментот субвенционирање во развојот на земјоделството и руралниот развој.

Забелешките на субјектите и одговорите на Државниот завод за ревизија се изнесени со цел обезбедување објективност и почитување на ставовите на двете институции.

**Одговор на Државниот завод за ревизија по забелешките на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на РМ**

Забелешките на министерот на МЗШВ на РМ се однесуваат на поглавјето Ревизорски наоди и се во насока на целосно/делумно побивање на наодите и препораките искажани во Нацрт извештајот, појаснување/констатации на наодите, како и укажување за превземени активности од страна на МЗШВ на РМ по однос на наодите/препораките дадени во истиот, од период на завршување на ревизијата до периодот на доставување на забелешки, 12.04.2013 година.

Забелешките на министерот на МЗШВ на РМ се фокусираат на поглавјето **Ревизорски наоди** од Нацрт извештајот и тоа на следните прашања:

Во однос на точката 1 – Законска регулатива, надлежности и стратешки документи од областа, потточка 1.1. од Нацрт извештајот, министерот на МЗШВ на РМ доставил забелешка по однос ажурирањето на НСЗРР. Според МЗШВ на РМ, истата

не се ажурира поради тоа што законот не пропишува обврска за редовно ажурирање.

Согласно горенаведеното, забелешката на министерот на МЗШВ на РМ за потточка 1.1. **не се прифаќа**, при што го даваме следното образложение:

Редовното ажурирање на НСЗРР се врши преку прибирање на одговори заради усогласување на мислења од институциите надлежни за остварување на поставените цели, и е неопходност која произлегува и е поврзана со спроведување на законската обврска за мониторинг и следење на реализацијата и имплементацијата на поставените цели предвидени во НСЗРР. Реализацијата на истите влијае на планирање на понатамошните активности за истите. Од тие причини точна е констатацијата на МЗШВ на РМ дека не постои законска обврска за редовно ажурирање, но од причина што НСЗРР е основ за изготвување на други стратешки документи - НП и ГП за финансирање во земјоделството и руралниот развој, ажурирањето на истата е неопходно со цел предвидување на понатамошните активности во насока на остварување на целите предвидени во НСЗРР.

Останатиот пасус од забелешката се однесува на превземени активности на МЗШВ на РМ и идни активности поврзани со наодот 1.1. а се однесува на подготовки за донесување на нова НСЗРР за следниот плански период 2014-2020 и тоа како последователност на НСЗРР 2007-2013, односно дека е во тек изработка на нова стратегија за следниот плански период 2014-2020, на што ревизијата дава појаснување дека по усвојување на истата треба да се пристапи кон: назначување на лице одговорно за координација и ажурирање на НС во усвоените рокови, ажурирање на стратегијата на утврден период и информирање на Владата на РМ за понатамошниот развој како и мониторинг на НС. Редовното ажурирање е неопходен услов за изготвување на НП( веќе изготвена) како и за Годишните програми за финансирање. Досегашната пракса има неповолно влијание врз координацијата и следењето на политиките, нивно ажурирање и прилагодување со целите.

Во однос на **точката 2.1.** од поглавјето Ревизорски наоди, во Нацрт извештајот, во однос на забелешката која се однесува на невоспоставените формални процедури, за кои според МЗШВ на РМ, не постоел правен основ за воспоставување, не треба да се основа за извлекување заклучок дека Програмата за финансиска поддршка на земјоделството не е резултат на комплетни и веродостојни податоци, забелешките **делумно се прифаќаат,** во насока на преформулација на почетната реченица на пасусот од наодот при што во конечниот извештај пасусот од наодот ќе ја има следната формулација: И покрај тоа што не се донесени формални процедури за изготвување на Програмата, програмите за 2012 и 2013 година се подготвени по поинаква постапка во однос на претходните години. Имено, од

Секторот за земјоделство и Секторот за вино побарано е да направат Програма за финансиска поддршка на земјоделството за 2013 година, земајќи ја предвид Националната програма за развој на земјоделството и руралниот развој, донесена од страна на Владата на РМ за период од пет години (2013-2017година), како и насоките на државниот советник одговорен за областа.
Во Законот за внатрешна финансиска контрола (чл. 7), содржани се одредби со кои е определена одговорноста на раководителот на субјектот да воспостави организациска структура и процедури за работа, како и да обезбеди примена на пропишаните процедури од страна на вработените и следење на нивната имплементација.
Доставените известувања за учество во работна група за подготовка на програмата за 2007 и 2008 година не содржат формални процедури за процесот на подготовка и реализација на Програмата. Истите не се земаат предвид бидејќи се однесуваат за период што не е предмет на извршената ревизија.

Во врска со **точката 2.2** од поглавјето Ревизорски наоди искажани во Нацрт извештајот, во однос на забелешката на наодот и препораката која се однесува на, донесување Методологија за утврдување на висината на финансиската поддршка е несоодветно и потребно е да изостане, поради тоа што целите на националната земјоделска политика се насочени кон обезбедување на стабилно ниво на доход. Забелешката **не се прифаќа** поради следното:

- обезбедувањето стабилно ниво на доходот на земјоделците не е единствена цел на националната земјоделска политика. Во Националната стратегија се содржани целите на националната земјоделска политика кои се насочени кон зголемување на конкурентската способност на земјоделството, како и обезбедување на стабилно производство на квалитетна и поевтина храна и обезбедување на населението со доволни количини храна.

- Ревизорските наоди се констатирани врз основа на соодветните акти за планирање на средствата за финансиска поддршка – годишните програми за финансирање и сметководствената евиденција за исплатените средства.

- Промената на висината на износите без соодветна методологија остава простор за субјективно одлучување, а констатацијата дека поддршката од година во година се зголемува само поради фактот што е зголемена буџетската поддршка од 6 милиони евра во 2006 година на 135 милиони евра во 2013 година, не може генерално да се прифати дека е реална, бидејќи за некои мерки утврдивме намалување на поддршката и покрај зголемените средства, што укажува на фактот дека во отсуство на методологија, постои ризик од несоодветно определување на висината на поддршката.

Забелешките за **точката 2.3** од поглавјето Ревизорски наоди искажани во Нацрт извештајот, по однос на наодот, препораката и заклучокот кои се однесуваат на констатацијата на ревизијата за неопределени индикатори за успешно спроведување на програмата и не вршење анализа на податоците во функција на креирање на политика за наредна година, не кореспондирала со реалноста, **не се прифаќаат** бидејќи образложението во истите не дава одговор дали програмата за финансиска поддршка се реализира со ефект соодветен на трошоците (исплатените буџетски средства), односно дали резултатите се постигнати по разумна цена. Индикаторите за спроведување на програмата, наведени во забелешките (број и правен статус на субјекти кои поднеле барање, производни капацитети за кои е поднесено барањето и вкупно исплатениот износ по средства) не даваат целосна слика дали исплатените средства, постигнатите резултати и влијанијата од истите ги исполнуваат предвидените цели.

Во врска со **точката 2.4** од поглавјето Ревизорски наоди искажани во Нацрт извештајот, во однос на забелешките на наодот **не се прифаќаат**. Наодот содржи констатација за усложнување на процесот на реализација на програмата поради честите промени на истата во текот на годината. Во забелешката подетално се објаснуваат потребите за промени на програмата, како на пример:

- Пролонгирање на рокот за поднесување. За да се избегнат непредвидените состојби кои доведуваат до пролонгирање на роковите дадовме препорака за изготвување календар на активности кон кој би се придржување сите заинтересирани и сериозни земјоделски стопанства.
- Префрлање на средства од една мерка во друга со промена на програмата. Имајќи предвид дека измените на програмата поради оваа причина се најзастапени, програмата станува нестабилна, поради што дадовме препорака преку подобрување на процесот на планирање да се обезбеди квалитетна, стабилна и принципиелна Програма, насочена кон остварување на стратешките цели.
- Потреба од интервентни мерки. Сметаме дека кога иста мерка за иста намена се воведува три години по ред, го губи статусот на интервентна, односно требало да се земе предвид на време.
- Технички пропусти. Споменатиот технички пропуст има суштинско значење бидејќи е резултат на потребата за намалување на нереално определениот првичниот износ на поддршката (последица на отсуство на методологија за утврдување на висината на износите).

Поради наведеното сметаме дека препораките во Нацрт извештајот се дадени во насока на подобрување на процесот и приближување кон добрата европска пракса. Согласно Меѓународните стандарди за ревизија заради реално и објективно прикажување на аргументите прикажани во графиконот 1 за реализација на

годишните програми за финансиска поддршка се дополнуваат со нова состојба (реализација на програмите заклучно со април 2013) добиени од АФПЗРР до изготвување на Конечниот извештај.

Забелешките по **точката 2.5** кои се однесуваат на заклучокот, образложението и препораките се неиздржани, а донесувањето на програмата е во оптимални рокови.
Забелешките **делумно се прифаќаат**, бидејќи констатациите на ревизијата се врз база на реални состојби согледани кај АФПЗРР во процесот на реализација на програмата, од кои впрочем нема забелешки на овој наод. Во насока на преформулација на пасусот од наодот при што во конечниот извештај наодот ќе ја има следната формулација: Годишните програми за периодот предмет на ревизија, се усвоени по донесување на Буџетот на РМ, во месеците јануари и февруари. Констатиравме дека донесувањето на програмите во споменатиот период ја намалува можноста на земјоделците да се организираат во која насока да постапуваат и го зголемува ризикот за појава на грешки при подготовка на софтверот во краток рок.
Во земјите членки на ЕУ крајниот рок за поднесување на сите барања е 15 мај, со дозволено задоцнување од неколку дена, кое се санкционира со намалување на висината на поддршката за одреден процент за секој ден задоцнување.
Во останатите земји во регионот, воспоставена е пракса софтверот за директни плаќања да биде подготвен шест месеци пред да започне реализацијата на програмата.
Со донесувањето на Национална програма за развој на земјоделството, за период од пет години, генерално е дефинирано во кои насоки ќе се движи поддршката во наредниот петгодишен период, но прецизирањето на критериумите останува да се прави со годишните програми.

Забелешките по **точката 2.6** искажани во Нацрт извештајот, поради не аргументираност на образложението, **делумно се прифаќаат**. Од тие причини согласно Меѓународните стандарди за ревизија *заради реално и објективно прикажување на* аргументите дадени во наодот и во **прилог 2 предлог 3** се дополнуваат со нова состојба (реализација на програмите заклучно со април 2013) добиени од АФПЗРР до изготвување на Конечниот извештај. Со цел да објасниме, укажуваме дека процентот на реализација не го поврзуваме со стекнатото право на земјоделските стопанства да остварат финансиска поддршка, туку во наодот го поставуваме прашањето колку тоа право е остварено, реализирано, односно, колку од планираните средства им се реално исплатени на земјоделците по програми во законски одредениот рок за исплата.

Забелешките по **точката 2.7** искажани во Нацрт извештајот **не се прифаќаат** поради фактот што констатациите на ревизијата даваат целосна слика за влијанието на субвенциите, земајќи ги предвид и позитивните и негативните ефекти и се изведени врз основа на официјални податоци од Државниот завод за статистика за период од 10 години, како и постоечки состојби кои се резултат на предвидените критериуми во програмата .

Во однос на **параграф 1 од наодот** изнесен во **точка 2.8.** од поглавјето Ревизорски наоди, забелешката **не се прифаќа** бидејќи МЗШВ го објаснува процесот на подготвувањето и донесувањето на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој, кој веќе беше анализиран во текот на вршење на ревизијата. Во Правилникот за систематизација на работни места на МЗШВ на РМ не е опишана надлежноста за планирањето, подготовката, како и предлогот на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој која ги опфаќа мерките од политиката за рурален развој во Република Македонија. Со оглед на значењето на Програмата сметаме дека во Правилникот за систематизација на МЗШВ треба да се допрецизира надлежноста на подготвување и предлагање на Програмата до Владата на РМ.

Во однос на **параграф 2 од наодот** изнесен во **точка 2.8.** од поглавјето Ревизорски наоди, забелешката **не се прифаќа** бидејќи се работи за реакции од страна на АФПЗРР за изменување и дополнување на Правилникот и Програмата за финансиска поддршка со цел да нема пречки во процесот на реализација на истата. Слабоста во комуникацијата и соработката е констатирана во два случаја кои директно влијаеле на самата реализација на Програмата:

- Во едниот од случаите АФПЗРР доставило до МЗШВ на РМ Писмо – Барање бр. 15-4009/1 од 19.09.2012 год. за вршење на измени и дополнувања на Правилникот и Програмата за финансиска поддршка за рурален развој. Со јавниот повик бр.1/2012 мерката 3.2. Подобрување на квалитетот на живот во руралните средини е објавена но според Правилникот за одредување на поблиските критериуми не е одреден максималниот износ на инвестицијата. Во ситуацијата АФПЗРР со оваа барање им се обраќа на МЗШВ на РМ да го изменат и дополнат Правилникот со цел да се надмине пречката за реализација на мерките. Од страна на МЗШВ на РМ не се превземени никакви мерки за измена и дополна на Правилникот за поблиските киртериуми за користење на мерките за финансиска поддршка на руралниот развој.
- Додека по Известување од АФПЗРР по однос на спроведување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој (бр. 15-601/1 од 10.03.2011 година) откако веќе била објавена програмата, МЗШВ на РМ ги докомплетира подзаконските акти за спроведување на мерките и со

задоцнување од 7 месеци, при што директно влијае на пролонгирање на реализацијата на програмата за 2011 година префрлувајќи ја реализацијата на истата во 2012 година. Како резултат на преклопувањето на двете програми, се забавува реализацијата на Програмата за финансиска поддршка во руралниот развој за 2012 година.

Во однос на **наодот** изнесен во **точка 2.10.** од поглавјето Ревизорски наоди, забелешката **не се прифаќа** бидејќи МЗШВ ги објаснува причините и слабостите зошто не се опфатени сите мерки за рурален развој во ЗЗРР, со што целосно не се остварува целта на мерките за рурален развој бидејќи автоматски се ограничува развојот на руралниот развој за тие мерки кои што не се опфатени. МЗШВ на РМ на 16.01.2006 година со Одлука на Владата е назначена управувачка институција за рурален развој во Република Македонија, при што одговорноста за целата политика за рурален развој како и посебно за имплементирањето на агроеколошките мерки кои произлегуваат од НАТУРА 2000 е на МЗШВ.

Во однос на **наодот** изнесен во **точка 2.11.** од поглавјето Ревизорски наоди, забелешката **не се прифаќа** бидејќи објаснувањата на МЗШВ за процесот на донесување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој и реализација на истата се контрадикторни. Од страна на МЗШВ забележано е дека реализацијата на Програмата воопшто не е поврзана со системот на планирање што автоматски е спротивно од функционирање на самиот процес на Програмата. Како причини за констатираната слабост во процесот на планирање од кој процес зависи реализацијата како и слабоста на прераспределбата на средствата во рамки на предложените мерки може да се наведат следните случаи:

1. Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој во 2011 година е изменета два пати до моментот на објавување на огласот за користење на мерките, односно истата, без образложение е променета пред започнување на реализацијата што е предизвикано од слабости при планирањето.
2. Известувањето од АФПЗРР по однос на спроведување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој (бр. 15-601/1 од 10.03.2011 година) откако веќе била објавена програмата, МЗШВ на РМ да ги докомплетира подзаконските акти за спроведување на мерките, по што со задоцнување од 7 месеци се докомплетираат правилниците (слабости при планирањето), при што директно влијае на пролонгирање на реализацијата на програмата за 2011 година префрлувајќи ја во 2012 година, а како резултат на преклопувањето на двете програми, се забавува реализацијата на Програмата за финансиска поддршка во руралниот развој за 2012 година.



Ревизорска екипа: *Овластен државен ревизор*

3. Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2011 година е измента 3 пати додека за 2012 година изменета е 4 пати.
4. Од програмата за финансиска подршка на Рурален развој за 2010 година не се објавени мерките:

   Од мерката 3 не се објавени следните подмерки:

   - 3.1. Инвестиции во создавање на основни предуслови за развој на сточарството;

   - 3.2. Инвестиции за рехабилитација или проширување на системите за наводнување и за одводнување (одводните канали) со кои раководат водните заедници;

   - 3.3. Инвестиции во реконструкција или покривање на селски улици и тротоари во руралните подрачја.

   Од мерката 6 не е објавена подмерката:

   - 6.3 Промоција на македонскиот земјоделски производ на одбрани надворешни пазари.

   Додека мерката 7 не е објавена воопшто.

5. Од програмата за финансиска подршка на Рурален развој за 2012 година не се објавени мерките:

   Од мерките од Зголемување на конкурентноста на земјоделското производство не се објавени мерките:

   - 1.1. Помош за обука и информирање на земјоделските производители и
   - 1.5. Инвестиции за зголемување на економската вредност на шумите

   Од мерките за унапредување на животната средина и руралните предели не е објавена мерката :

   - 2.2. Воспоставување на систем за следење и анализа на автохтони раси на добиток и автохтони видови растенија за земјоделско производство (и создавање на генетски ресурси)

   Од мерките за Подобрување на квалитетот на животот во руралните средини и поттикнување на диверзификација на економските активности не е објавена мерката :

   - 3.1 Подобрување на квалитетот на животот во руралните средини.

6. Од извршениот увид во документацијата за мерката Инвестиции за модернизација на земјоделски стопанства во прегледите за прифатените/одбиените барања за три подсектори (житни култури; овоштарство и индустриски култури) констатирано е дека одобрени се само 292 барања за финансиска поддршка, а од друга страна се одбиени 518 апликанти со максимален број на бодови, што претставува слабост при планирањето односно прераспределбата на средствата.

Во однос на забелешката на МЗШВ дека не се земени во предвид одредбите од Законот за буџетите во делот на “Пренос на одобрени средства од развојниот дел на буџетот“ **не се прифаќа** бидејќи ревизорскиот наод се однесува на слабостите кои произлегуваат од начинот на планирање и директно влијаат на реализација на Програмата за финансиска поддршка во руралниот развој од аспект на пролонгирање на извршување на Програмата од 2011 во 2012 година односно како резултат на преклопувањето на двете програми, се забавува реализацијата на Програмата за финансиска поддршка во руралниот развој за 2012 година.

**Одговор на Државниот завод за ревизија по забелешките на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој**

Забелешките на директорот на АФПЗРР се по однос на поглавјето Ревизорски наоди се однесуваaат делумно во насока на побивање/спорење на наодите искажани во Нацрт извештајот, додека делумно се укажување за превземени активности од период на завршување на ревизијата како и констстации / согласност по однос на дадена препорака.

Забелешките на точката 1 – Законска регулатива, надлежности и стратешки документи од областа, потточка 1.4 не соодветствуваат со суштината на наодот, односно **не се прифаќа** од причина што:

- во наодот опишана е состојба според која АФПЗРР постапува по Нацрт – записник на Влада на РМ[1] за целосно спроведување на надлежност - спроведување на контроли на лице место по однос на Програмата за финансиска поддршка на земјоделството – директни плаќања, период подолг од една година без при тоа да преземе активности – интервенции за измена/дополна на одредби од Законот за основање на АФПЗРР и тоа:
  - интервенции за измени во одредби од Законот за основање на АФПЗРР во кои се споменати ДИЗ и контролите на лице место спроведувани од истиот по однос на програмата за финансиска поддршка во земјоделството;
  - интервенции за дополна во одредби од Законот за основање на АФПЗРР по однос на надлежности на контролата за програмата за финансиска поддршка во земјоделството.
- Исто така, забелешката на АФПЗРР по однос на наодот-потточка 1.4 е во насока појаснување за тоа кој ги вршел контролите на лице место според законските прописи допрецизирани со Договор за соработка помеѓу ДИЗ и

[1] Извор на податоци: Извадок од Нацрт- записникот на Влада на РМ од 17-та затворена седница на Влада на РМ бр. 51-7880/1 од 13.12.2011 година

АФПЗЗР за период од 2008-2012 како и спорење на констатација која воопшто не е спомената во наодот т.е потточката 1.4.

- Останатиот пасус од забелешката се однесува на превземени активности за измени и дополни на Законот за основање на АФПЗРР, предвидено со НПАА при што крајниот рок за исполнување на оваа активност е јули 2013.
- Во однос на Препораката од наодот изнесена во точка 1.4. од поглавјето Ревизорски наоди, забелешката **делумно се прифаќа** во насока на преформулација на почетната реченица на препораката при што во конечниот извештај препораката ќе ја има следната формулација: Предлагачот на Законот, МЗШВ на РМ во соработка со АФПЗРР да преземе активности за подготовка за измена во одредби од Законот за основање на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој со цел регулирање на обврската по однос на предвидената надлежност - спроведување на контроли на лице место за Програмата за финансиска поддршка на земјоделството – директни плаќања.

Во однос на **Препораката бр.3** од наодот изнесен во **точка 2.11.** од поглавјето Ревизорски наоди, забелешката **не се прифаќа,** бидејќи не е во насока на оспорување на препораката искажана во Нацрт извештајот, туку е објаснување на преземените активности по однос на наодот од споменатата точка.

Во однос на **Препораката бр. 4** од наодот изнесен во **точка 2.11.** од поглавјето Ревизорски наоди, забелешката **се прифаќа** и истата ќе биде иземена од конечниот извештај.

Забелешката на директорот на АФПЗРР на точката 3 – Надзор и контрола, потточка 3.2. од Нацрт извештајот, која се однесува на екипираност и опременост на Секторот за контрола, **не се прифаќа,** од причина што претставува објаснување за недоволната кадровска опременост и екипираност. Забелешката на АФПЗРР е појаснување дека недоволната кадровска екипираност и опременост на Секторот за контрола при зголемен број на корисници, се избегнува преку зголемен ангажман на постојните вработени. Ова појаснување значи дека АФПЗРР е свесна за постоење на ризик и само го појаснува начинот на справување со истиот.

Останатиот пасус од забелешката се однесува на превземени активности за барање на согласност за пополнување на испразнети работни места односно нови вработувања заради зголемен обем на работа.

Забелешката на директорот на АФПЗРР на точката 4 – Мониторинг и презентирање на резултати од инструментот субвенционирање., потточка 4.1. од Нацрт извештајот, е само потврда од страна на АФПЗРР дека се согласни со препораката по однос на наодот и дека по истата ќе се постапи.

Забелешката на АФПЗРР на точката 4 – Мониторинг и презентирање на резултати од инструментот субвенционирање., **потточка 4.3**. од Нацрт извештајот, се однесува на годишните планови за работа на Секторот за внатрешната ревизија и не е обезбедена рамноправна застапеност, односно број на ревизии по однос на националните програми чија реализација е во милиони евра, средства обезбедени од буџетот на РМ, и голем број на ревизии од ИПАРД програмата, како и советодавна улога и функција во целост на внатрешната ревизија. Истата, **не се прифаќа**, при што го даваме следното образложение:

- Одговорот на забелешката на АФПЗРР не соодветствува на суштината на наодот од причина што ревизијата не го спори работењето на Секторот за внатрешна контрола кој работи согласно стандарди, одобрени документи и прирачници – туку во наодот суштината е соодносот број на ревизии во Годишниот план според Програмите финансирани од буџетот на РМ и број на ревизии од ИПАРД програмата. Зголемувањето на број на ревизии на Програмите финансирани од буџетот на РМ и советодавната улога и функција на Секторот за внатрешна ревизија е основ за преземање на идни активности во насока на подобрување на спроведување на Програмите финансирани од буџетот на РМ;
- Во делот на објаснувањето за 2012 година за извршени ревизии од Програмата за финансиска поддршка на земјоделството наведено е дека извршена ревизија –по мерка сточарство, за што од вработените во АФПЗРР во текот на ревизијата добивме образложение дека истата е одложена. На ревизијата не и е доставена дополнителна поткрепувачка документација дека ревизијата – по мерка сточарство е спроведена како што е наведено во забелешката на АФПЗРР;
- Останатиот пасус од забелешката се однесува на преземени активности за подобрување на кадровската екипираност и обученост односно вработувања на ниво на АФПЗРР.